**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 17-09-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4459 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во првиот десетдневен период од мониторингот на изборното медиумско претставување (2-11 септември 2016 година), примерокот за анализа на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Алсат М се состои од десет изданија на Вестите во 19 часот.

Вкупното време на анализираните прилози изнесува 4 часа 2 минути и 2 секунди, од кои 3 часа 49 минути и 24 секунди се прилози пренесени преку фактографските жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар), интервјуа и изјави, како и репортажи со социјална тематика од подрачјата во скопско и тетовско зафатени со поплавите во текот на оваа и минатата година (Табела 1). Новинарските осврти зафаќаат 12 минути и 38 секунди од вкупното време на емитуваните прилози.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:15:17 | 6,66 | % |
| Претседател на РМ | 00:05:22 | 2,34 | % |
| Влада на РМ | 00:31:57 | 13,93 | % |
| Други субјекти | 00:45:37 | 19,89 | % |
| Без субјекти | 00:47:06 | 20,53 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:21:29 | 9,37 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:10 | 1,38 | % |
| Локална самоуправа | 00:10:26 | 4,55 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:35 | 2,00 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:56 | 1,28 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:07:10 | 3,12 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:52 | 2,12 | % |
| СДСМ | 00:05:36 | 2,44 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:30 | 1,96 | % |
| Собрание на РМ | 00:03:30 | 1,53 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:49 | 1,66 | % |
| Судство | 00:02:11 | 0,95 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:02 | 1,32 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:15 | 1,42 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:23 | 0,17 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:36 | 0,26 | % |
| Унитети | 00:00:36 | 0,26 | % |
| Беса | 00:00:36 | 0,26 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:36 | 0,26 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:36 | 0,26 | % |
| Привремена комисија | 00:00:11 | 0,08 | % |
| | **Вкупно: 03:49:24** | 100 | % |

Временски речиси подеднакво се застапени субјектите категоризирани како „без субјекти" и „други субјекти" (АААВМУ, адвокати, Црвен крст, Совет за етика во медиумите, Стопанска комора, поранешни пратеници и амбасадори, Асоцијација на земјоделци, совети на родители итн.), коишто заедно зафаќаат повеќе од 1/3 од вкупното време на субјектите. Телевизијата емитува значителен обем прилози поврзани со проблемите со коишто се соочуваат жителите од поплавените подрачја како и за други комунални и инфраструктурни проблеми, кадешто најчесто како соговорници се јавуваат жителите и оттука произлегува застапеноста на категоријата „без субјекти". Во прилог на категоријата „без субјекти" одат и прилозите за подготовките за празникот Курбан бајрам и од потресите во скопско, кадешто најчесто како соговорници се појавуваат граѓани. Според застапеноста како субјект следува Владата, пред сè преку вистинити и

релевантни активности поврзани со изборот на преодна влада, информации за редовните активности на министерствата, интервју со министерот за одбрана Зоран Јолевски, повеќе настани кои влегуваат во црната хроника (авионска несреќа во околината на Скопје, извештаи на МВР и сл.). Појавувањето на органите на државната управа како субјект е најчесто поврзано со изјави на директори на државни институции од различни сфери (култура, образование, здравство, социјала итн.). Медиумот во креирањето на своите прилози, став за прашањата коишто се тема на разговор често бара од експерти/аналитичари притоа отстапувајќи простор за различни гледишта и мислења. Вкупното време одвоено за политичките партии е релативно мало по обем, околу една десетина од вкупното време на емитуваните прилози со фактографски предзнак. Речиси приближно еднаков временски простор е отстапен на условно четирите поголеми партии: СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, ДУИ и ДПА, а другите пет партии од албанскиот политички блок, што се појавуваат како субјекти, (ПДП, Беса, Унитети, НДП, ДПА-ДР) се опфатени во еден прилог.

Телевизијата известува со неутрален тон и рамка. Извесен критички став, но без дополнително негативно врамување, може да се констатира кон претседателот на државата Ѓорге Иванов, во новинарскиот осврт посветен на средбата Иванов-Жбогар, под наслов „Однесувањето на Иванов кон Жбогар е скандалозно!" Преостанатите 4 прилози коишто имаат третман на новинарски осврти се: „Закон за СЈО, Уставниот суд тактизира", „Нова влада, без гаранција за фер избори", „Македонија 25 години оспорувана од соседите", „Останува енигма самоубиството на Коста Крпач".

*Табела 2 - Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:12:43 | 20,10 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:30 | 0,79 | % |
| СДСМ | 00:02:36 | 4,11 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:08 | 0,21 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:52 | 17,18 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:57 | 3,08 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:10 | 1,84 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:06 | 3,32 | % |
| Други субјекти | 00:18:25 | 29,11 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:45 | 7,51 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:33 | 0,87 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:41 | 1,08 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:47 | 2,82 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:40 | 1,05 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:37 | 2,56 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:52 | 2,95 | % |
| Беса | 00:00:24 | 0,63 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:30 | 0,79 | % |
| | **Вкупно: 01:03:16** | **100** | **%** |

Најчесто се емитувани директни обраќања на „други субјекти", а потоа по временска отстапеност за директни обраќања следуваат претставниците на Владата, експертите/аналитичарите, претставници на органите на државна управа/јавни претпријатија, СДСМ.

***Посебни информативни емисии***

Во анализираниот период од 2 до 11 септември 2016 година, ТВ Алсат М не емитуваше посебни информативни емисии.

***Сектор за програмски работи***